Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 01.09.2020

На 01.09.2020 во 00.40 часот во с.Орман, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода В.Н.(36) и З.В.(33), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.08.2020 во 16.00 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на улица „Маршал Тито" во Струмица, патничко возило „опел зафира" со струмички регистарски ознаки, управувано од Д.В.(49) од Струмица, удрило во З.Ѓ. (60) од Струмица. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила З.Ѓ. и била пренесена во Медицински центар Струмица за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа на Полициска станица Струмица.

На 31.08.2020 во 20.50 часот во Полициската станица Берово, доктор од итна медицинска помош во Берово пријавил дека на место викано „Тркали чалма" во атар на с.Владимирово, при превртување со трактор, со тешки телесни повреди се здобил Н.П.(74) од с.Подареш, радовишко. Тој бил пренесен во комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош.

На 31.08.2020 во 16.00 часот на магистралниот пат Радовиш-Штип, кај клучка Радовиш, се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „јамаха YZF R-6" со швајцарски национални ознаки, управуван од Н.Б.(26) од Радовиш и товарно моторно возило „мерцедес 970" со штипски регистарски ознаки, управувано од Б.С.(31) од Штип. По незгодата Н.Б. и неговиот сопатник С.М.(23) од с.Ињево, радовишко биле пренесени во Клиничка болница Штип каде што на Н.Б. му била констатирана тешка телесна повреда, а на С.М. телесна повреда. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Штип.

На 31.08.2020 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на теритиријата на СВР Велес спроведена е акциска контрола на техничка исправност и оптовареност на автобуси и такси возила, при што се регистрирани седум прекршоци, и тоа пет во Велес и два во Кавадарци.

На 31.08.2020 во 10.00 часот во Полициска станица Центар, А.Ј.(43) од Скопје пријавил дека на Кеј „13-ти Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 31.08.2020 во 16.10 часот на Граничен премин „Долно Блаце", при гранични проверки, било констатирано дека Л.Ѓ.(31) од Р.Албанија се наоѓа на листата со мерка „Алси" по барање на Интерпол од Белгија. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициска станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 31.08.2020 во 21.50 часот во Кичево, полициски службеници од Полициска станица Кичево ги привеле З.Н.(62), А.Н.(44), В.Н.(50), И.Н.(48), Д.Н.(18) и П.Л.(26), сите од Р.Албанија, поради сторен прекршок по Законот за странци - „Непријавен престој". Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

Во текот на 31.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се две возила затоа што биле технички неисправни, три возила бидејќи биле нерегистрирани, четири возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, тројца возачи бидејќи управувале возило под дејство на алкохол, двајца возачи поради поминување на крастосница на црвено светло, еден возач поради неправилно престигнување и 45 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Регионалниот центар за гранични работи Запад, до Основно јавно обвинителсво Охрид, поднесе кривична пријава против Т.Р.(41), Б.Г.(40), Б.Р.(37)и двајца малолетници, сите од Р.Албанија, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „фалсификување на исправа", казниво по член 378 став 1 од Кривичниот законик. На 31.08.2020 во 11.45 часот на Граничен премин Аеродром „Св.Апостол Павле Охрид" тие се пријавиле за патување со фалсификувани грчки и италијански документи.

На 31.08.2020 околу 21.40 часот на автопат Тетово-Гостивар, во близина на клучката кај с.Камењане, полициски службеници од СВР Тетово, при редовно извршување на работни задачи, слушнале три истрели од огнено оружје од правец на една тераса покрај автопатот. Тие се упатиле на местото и затекнале повеќе лица, а на подот од терасата пронашле три чаури од испукани куршуми. По преземено мерки било утврдено дека лицето кое што пукало е А.Н.(61) од с.Камењане, кај кого бил пронајден пиштол „Црвена застава" калибар 7,62 мм со една рамка со три куршуми, за кој немал одобрение за поседување. А.Н. бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошна постапка.

На 31.08.2020 во периодот од 07.00 до 12.00 часот СВР Штип спроведе акциска контрола на возила со кои се врши јавен превоз на патници. Од извршената акциска контрола откриени се вкупно 24 прекршоци од нив: 11 за неисправен уред за запирање, два за неисправен уред за управување, два за непродолжена регистрација, еден - неисправни светлосни уреди, еден - неисправни останати уреди, еден - недостатоци на опрема и шест за неизвршен вонреден технички преглед. Санкционирани се и 37 останати прекршоци.

На 31.08.2020 во периодот од 07 до 12 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за техничка исправност на возилата кои вршат јавен превоз на патници. Со контролата биле опфатени 100 возила (ТЕ-81 и ГВ-19), при што бил откриен 21 прекршок (ТЕ-11 и ГВ-10). Најмногу прекршоци 13 (ТЕ-10 и ГВ-3) се однесувале на неисправни сопирачки, а откриена била неисправност и на светлосни уреди, опрема и друго). За овие прекршоци поднесени се законски предвидените поднесоци, а 19 возила веднаш биле и исклучени од сообраќај. Во акцијата констатирани се и шест други видови прекршоци.

На 31.08.2020 во 22.35 часот во СВР Скопје, И.Н.(47) од Скопје пријавил дека околу 21.30 часот на ул.„Атинска" во Скопје неговиот син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.08.2020 во 18.35 часот во СВР Скопје, Т.О.(21) од Скопје пријавила дека околу 16.30 часот во близина на угостителски објект на бул.„Видое Смилевски Бато", по претходна расправија, била физички нападната од К.М. од Скопје. Се преземаат мреки за расчистување на случајот.

На 31.08.2020 околу 20.00 часот во Полициското одделение Маврово било пријавено дека во с.Никифорово, на околу 500 метри од Планинарскиот дом, бил пронајден починат У.Ј (80) од Гостивар. Доктор од Здравствен дом-Маврово констатирал смрт без траги на насилство, а увид на местото извршила екипа од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на судска медицина.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против А.А.(32) и Б.А.(38) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 21.06.2020 на ул.,,Стефка Тасева" во Кочани, пријавените психички и физички матретирале три малолетни деца од Кочани.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.А.(36) од Тетово и Н.С.(30) од с.Шемшово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 23.05.2020 на ул.„Ѓорче Петров" во Тетово, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу пријавените.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против З.Х.(44) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 23.07.2020 на ул.„Борче Јованоски" во Гостивар, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувај службени дејствија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.Ќ.(53) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранаица". На 02.08.2020 пријавениот со секира се заканувал на Џ.М.(51) и Л.М., двајцата од Гостивар.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.З.(22), Ј.З.(28) и М.З.(29), тројцата од с.Долна Бањица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 30.06.2020 пријавените физички го нападнале А.И.(28) од Гостивар.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.М.(38) од с.Арачиново, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 27.08.2020 во с.Умин Дол, кумановско, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „фолксваген шаран", во кое бил пријавениот со уште две лица, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против И.С.(42) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 14.05.2020 пред неговиот дом во Свети Николе, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле наркотична дрога хероин. Исто така, на 25.06.2020 на ул.„Васка Циклева" во Свети Николе, пријавениот му продал наркотична дрога хероин на Т.Б. од Свети Николе, која што истиот ден од страна на полициски службеници била пронајдена кај Т.Б..

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет